„-за исплата на надоместок и трошоци за експропријација по склучена спогодба или правосилно решение".

2. Во точката 3 по зборовите „од точка 2" се додаваат зборовите „алинеи 1, 2 и 3" и се додава нов став 2 кој гласи:

„Исплатата на средствата од точка 2 алинеја 4 од оваа програма ќе се врши врз основа на барање со наведен износ за исплата и копија од документацијата за експропријација, доставени од страна на Јавното претпријатие за државни патишта до Министерството за транспорт.".

3. По точката 4 се додаваат две нови точки 4-а и 4-б кои гласат:

„4-а. Доколку по исплатата на средствата од точки 3 и 4 од оваа програма, останат неискористени средства за 2024 година, Министерство за транспорт во целост ќе ги префрли на посебна наменска сметка на Јавното претпријатие за државни патишта, а по претходно доставено барање од Јавното претпријатие за државни патишта, со наведување на вкупниот износ на преостанатите неискористени средства. Средствата од оваа точка, Јавното претпријатие за државни патишта може да ги користи исклучиво за намената за која се доделени. Доколку средствата од оваа точка се користат спротивно на намената, Јавното претпријатие за државни патишта има обврска да ги врати и да ги уплати во Буџетот на Република Северна Македонија.

4-б. За начинот на користење на средствата од оваа програма, Јавното претпријатие за државни патишта треба да достави извештај до Владата и до Министерството за транспорт, најдоцна до 30 јуни 2025 година."

4. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-12995/3
24 декември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**4665.**

Врз основа на член 61 став (1) од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 декември 2024 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ НА ПОЧЕСНИОТ КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ХАШЕМИТСКО КРАЛСТВО ЈОРДАН, СО СЕДИШТЕ ВО АМАН

1. Се отповикува Худа Ибрахим Насар Нафа, почесен конзул на Република Северна Македонија во Хашемитско Кралство Јордан, со седиште во Аман.

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение, престанува да важи Решението за именување на почесен конзул на Република Македонија во Хашемитско Кралство Јордан, со седиште во Аман („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/12).

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-10420/12
24 декември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**4666.**

Врз основа на член 76 став (1) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 декември 2024 година, донесе

## ТАРИФНИК
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛИ И КОНЦЕСИИ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА И КОНЦЕСИИ ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Член 1

Со овој тарифник се утврдува висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини.

Член 2

(1) За издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања се плаќа:

1. Надоместок во висина од 200.000,00 денари за вршење на детални геолошки истражувања на енергетски минерални суровини;

2. Надоместок во висина од 200.000,00 денари за вршење на детални геолошки истражувања на металични минерални суровини;

3. Надоместок во висина од 100.000,00 денари за вршење на детални геолошки истражувања на неметалични минерални суровини;

4. Надоместок во висина од 100.000,00 денари за вршење на детални геолошки истражувања на архитектонско-украсен камен;

5. Надоместок во висина од 100.000,00 денари за вршење на детални геолошки истражувања на скапоцени и полускапоцени камења;

6. Надоместок во висина од 100.000,00 денари за вршење на детални геолошки истражувања на минерални води и минерални води и гас $CO_2$;

7. Надоместок во висина од 200.000,00 денари за вршење на детални геолошки истражувања на термоминерални и термални води;

8. Надоместок во висина од 100.000,00 денари за вршење на детални геолошки истражувања на песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации) и собирниот кварц;

9. Надоместок во висина од 200.000,00 денари за вршење на детални геолошки истражувања на техногени минерални суровини кои настануваат во процесот на преработка на енергетските или металичните минерални суровини;

10. Надоместок во висина од 100.000,00 денари за вршење на детални геолошки истражувања на техногени минерални суровини кои настануваат во процесот на преработка на архитектонско-украсен камен и

11. Надоместок во висина од 300.000,00 денари за вршење на проспекциски геолошки истражувања.

(2) Надоместокот од став (1) на овој член се плаќа по издавање на дозволата, односно пред склучување на договорот за концесија.

Член 3

(1) Концесискиот надоместок заради користење на просторот односно површината на која е доделена концесијата за експлоатација на минерални суровини изнесува:

**1. Енергетски минерални суровини и тоа:**

- за површинска и/или подземна експлоатација на енергетски минерални суровини на сите видови на фосилни јаглени, јаглеводороди во цврста, течна и гасовита состојба, радиоактивни елементи (уран и ториум), сите видови на битуминозни и мастни шкрилци и други гасови кои се наоѓаат во земјата во износ од 400.000,00 ден/км2.

**2. Металични минерални суровини и тоа:**

- за површинска и/или подземна експлоатација на металични минерални суровини на железо, манган, никел, хром, олово, цинк, бакар, волфрам, калај, платина, молибден, антимон, талиум, арсен, жива, сребро, злато и други видови на метали кои можат да се појават при експлоатација во износ од 300.000,00 ден/км2.

**3. Техногени минерални суровини и тоа:**

- за површинска и/или подземна експлоатација на техногени минерални суровини на минерални суровини кои настануваат во процесот на преработка на енергетските или металичните минерални суровини, вклучувајќи го и јаловинскиот отпад кој настанува при експлоатација и преработка на архитектонско-украсен камен во износ од 300.000,00 ден/км2.

**4. Неметлични минерални суровини и тоа:**

- за површинска и/или подземна експлоатација на неметалични минерални суровини на варовник–калцит, варовник-доломит, кварц, кварцит, кварцен песок, кварцен чакал, дијабаз, фелдспат, лискун, дистен, дијатомејска земја, талк, опалска бреча, базалт, графит, перлит, туф, гипс, лапорец, риолит, сулфур, барит, магнезит, флуорит, андезит, гнајс, азбест, сите видови на глини и други во износ од 180.000,00 ден/км2.

**5. Архитектонско-украсен камен и тоа:**

- за површинска и/или подземна експлоатација на архитектонско-украсен камен и тоа: гранит, габро, травертин, оникс, базалт, сијанит, бреча и други во износ од 180.000,00 ден/км2.

- за површинска и/или подземна експлоатација на архитектонско-украсен камен: мермер во износ од 400.000,00 ден/км2.

**6. Песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации) и собирниот кварц и тоа:**

- за површинска експлоатација на песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации) и собирниот кварц во износ од 180.000,00 ден/км2.

**7. Минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас CO2 и тоа:**

- за експлоатација на минерални води и минерални води и гас CO2 во износ од 200.000,00 ден/км2 и

- за експлоатација на термоминерални и термални води во износ од 300.000,00 ден/км2.

**8. Скапоцени и полускапоцени камења и тоа:**

- за површинска и/или подземна експлоатација на скапоцени и полускапоцени камења во износ од 180.000,00 ден/км2.

(2) Концесискиот надоместок заради користење на просторот односно површината на која е доделена концесијата за експлоатација на минерални суровини се плаќа сразмерно на просторот, односно површината на која е доделена концесијата, а определен во квадратни километри-км2, освен за минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас CO2 каде за површината на концесија до 1 км2 се плаќа концесиски надоместок за 1 км2.

(3) Концесискиот надоместок заради користење на простор на кој е доделена концесијата за експлоатација на минерални суровини, концесионерот е должен да го плаќа за секоја година поодделно, а најдоцна до 31 декември во тековната година. Концесионерот е должен концесискиот надоместок заради користење на простор на кој е доделена концесијата за експлоатацијата на минерални суровини да го плаќа за целиот период на траење на концесијата.

Член 4

(1) За експлоатација на минерални суровини, концесионерот плаќа надоместок за:

**А. Енергетски минерални суровини и тоа:**

1. За површинска експлоатација на јаглен во износ од 1,5% од вредноста на минералната суровина определена на износ од 780,00 денари по тон јаглен (ден/t);

2. За подземна експлоатација на јаглен во износ од 0,75% од вредноста на минералната суровина определена во износ од 780,00 денари по тон јаглен (ден/t);

3. За експлоатација на геотермални води според просечната температура на водата, по формулата Kn = [Em*(M1-HC)*K], каде: Kn – концесиски надоместок (den/m3), Em – еквивалент на мазут (kg), (M1-HC) – цена на мазут (den/kg) и K – коефициент на зафаќање (K=0,075). Тековната пресметка за висината на конце-

сискиот надоместок е дадена во Табела, а ќе се врши според просечната набавна цена на мазутот (М1-НС) во den/kg од претходната календарска година.

Табела: Пресметка на концесиски надоместок за експлоатирана количина на 1m3 геотермална вода

Табела: Пресметка на концесиски надоместок за експлоатирана количина на 1m³ геотермална вода

| Температурен интервал за пресметка | Просечна температура по интервал | Потребна количина на мазут | Еквивалент на мазут (Em) | Цена на мазут ($M_1$- НС) | Коефициент на зафаќање (K) | Концесиски надоместок (Kn) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| t. (ºC) | t. = $t_1$ (ºC) | Q (kWh) | (kg) | (den/kg) | | (den/m³) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 = (4*5*6) |
| 31-40 | 35 | 9.27 | 1.39 | | 0.075 | |
| 41-50 | 45 | 20.87 | 3.13 | | 0.075 | |
| 51-60 | 55 | 32.46 | 4.87 | | 0.075 | |
| 61-70 | 65 | 44,6 | 6.61 | | 0.075 | |
| 71-80 | 75 | 53.33 | 8.01 | | 0.075 | |
| >81 | 81 | 62.6 | 9.40 | | 0.075 | |

4. За експлоатација на јаглеродиден двооксид (СО2), како и други гасови во износ од 6% од вредноста на минералната суровина определена на износ од 5.000,00 денари по тон јаглероден двооксид (СО2), како и други гасови (ден/t);

5. За експлоатација на јаглеводороди во цврста, течна и гасовита состојба во износ од 15% од вредноста на продадената минерална суровина;

6. За експлоатација на сите битуминозни и мастни шкрилци во износ од 10% од вредноста на продадената минерална суровина и

7. Концесионери кои се јавни установи во државна сопственост или земјоделски задруги кои користат геотермална вода да плаќаат надоместок во износ од 1,5 ден/м3.

**Б. Метални минерални суровини и тоа:**

1. во износ од 4% од пазарната вредност на оловометал по тон во секој тон произведен оловен концентрат од страна на концесионерот;

2. во износ од 4% од пазарната вредност на цинк-метал по тон во секој тон произведен цинков концентрат од страна на концесионерот;

3. во износ од 4% од пазарната вредност на бакарметал по тон во секој тон произведен бакарен концентрат од страна на концесионерот;

4. во износ од 4% од пазарната вредност на никелметал, произведен од страна на концесионерот;

5. во износ од 4% од пазарната вредност на златометал по тон во секој тон произведен од било кој концентрат од страна на концесионерот;

6. во износ од 4% од пазарната вредност на среброметал по тон во секој тон произведен од било кој концентрат од страна на концесионерот;

7. во износ од 4% од пазарната вредност на соодветниот метал, кој е добиен од експлоатираната минерална суровина или концентрат од страна на концесионерот;

8. во износ од 4% од пазарната вредност на антимонметал по тон во секој тон произведен концентрат на антимон од страна на концесионерот;

9. во износ од 4% од вредноста на тон продадена руда на манган;

10. во износ од 4% од вредноста на тон продадена руда на железо и

11. во износ од 1% од пазарната вредност на соодветниот метал, кој е добиен од експлоатираната, односно преработената техногена минерална суровина од страна на концесионерот.

**В. Неметални минерални суровини и тоа:**

1. за експлоатација на песок и чакал во износ од 6% од вредноста на минералната суровина определена на износ од 500,00 денари по тон песок и чакал (ден/t);

2. за експлоатација на кварц и кварцити во износ од 6% од вредноста на минералната суровина определена на износ од 500,00 денари по тон кварц и кварцити (ден/t);

3. за експлоатација на туф во износ од 6% од вредноста на минералната суровина определена на износ од 500,00 денари по тон туф (ден/t);

4. за експлоатација на дијатомејска земја во износ од 6% од вредноста на минералната суровина определена на износ од 500,00 денари по тон дијатомејска земја (ден/t);

5. за експлоатација на гипс во износ од 6% од вредноста на минералната суровина определена на износ од 700,00 денари по тон гипс (ден/t);

6. за експлоатација на мермер 5% од приход остварен од продадената минерална суровина во било кој облик или форма;

7. за експлоатација на гранит – комерцијален блок во износ од 6% од вредноста на минералната суровина определена на износ од 20.800,00 денари по метар кубен гранит-комерцијален блок (ден/м3);

8. за експлоатација на гранит - томболон во износ од 6% од вредноста на минералната суровина определена на износ од 10.400,00 денари по метар кубен гранит-томболон (ден/м3);

9. за експлоатација на травертин–комерцијален блок во износ од 5% од вредноста на минералната суровина определена на износ од 20.800,00 денари по метар кубен травертин-комерцијален блок (ден/м3);

10. за експлоатација на травертин-томболон во износ од 5% од вредноста на минералната суровина определена на износ од 10.400,00 денари по метар кубен травертин-томболон (ден/м3);

11. за експлоатација на оникс – комерцијален блок во износ од 5% од вредноста на минералната суровина определена на износ од 20.800,00 денари по метар кубен оникс-комерцијален блок (ден/м3);

12. за експлоатација на оникс - томболон во износ од 5% од вредноста на минералната суровина определена на износ од 10.400,00 денари по метар кубен оникс-томболон (ден/м3);

13. за експлоатација на други неспомнати украсни камења – комерцијален блок во износ од 5% од вредноста на минералната суровина определена на износ од 20.800,00 денари по метар кубен украсен камен-комерцијален блок (ден/м3);

14. за експлоатација на други неспомнати украсни камења - томболон во износ од 5% од вредноста на минералната суровина определена на износ од 10.400,00 денари по метар кубен украсен камен-томболон (ден/м3);

15. за експлоатација на архитектонско – украсен камен (мермер, гранит, габро, травертин, оникс, базалт, сијанит, бреча и сл.) од кои што во фазата на нивна преработка не може да се добијат комерцијални блокови и томболони, а истите се дробат или мелат, во износ од 20,00 денари по тон (ден/t);

16. за експлоатација на скапоцени и полускапоцени камења во износ од 5% од вредноста на продадената минерална суровина;

17. за експлоатација на варовник, доломит, базалт, дијабаз, гнајс, андезит и др. во износ од 6% од вредноста на минералната суровина определена на износ од 500,00 денари по тон (ден/t);

18. за експлоатација на глина (керамичка, порцеланска, цигларска, бентонитска и др.) во износ од 5% од вредноста на минералната суровина определена на износ од 300,00 денари по тон глина (ден/t);

19. за експлоатација на лапорец во износ од 5% од вредноста на минералната суровина определена на износ од 300,00 денари по тон лапорец (ден/t);

20. за експлоатација на други неспомнати неметални минерални суровини во износ од 5% од вредноста на продадената минерална суровина по тон минерална суровина (ден/t).

**Г. Води и тоа:**

- за експлоатација на минерални и подземни води за пиење во износ од 3% од вредноста на минералната суровина определена на износ од 6,5 денари по литар (ден/l);

(2) Основа за пресметување на концесиските надоместоци заради експлоатација на металичните минерални суровини кои што се предмет на концесијата за експлоатација што концесионерот е должен да ги плаќа за продадените количини на минералните суровини од страна на концесионерот, ќе биде официјалниот извештај за просечното движење на цените на металите на Лондонската берза за метал за период од три месеци наназад (пазарна вредност), освен за минералните суровини манган и железо.

(3) Основа за пресметување на концесиските надоместоци заради експлоатација на неметаличните минерални суровини кои што се предмет на концесија за експлоатација е фиксната цена на минералната суровина, освен за експлоатација на минералната суровина мермер за кој како основа се пресметува 5% од приход остварен од продадената минерална суровина во било кој облик или форма.

(4) Основа за пресметување на концесиските надоместоци заради експлоатација на води кои што се предмет на концесија за експлоатација е фиксна цена на минералната суровина.

(5) Плаќањето на концесиските надоместоци од став (1) на овој член се врши на секои три месеци за продадените, односно за употребените за сопственото производство количини на минералните суровини од страна на концесионерот, односно концесионерите се должни плаќањето на овие надоместоци да го извршат најдоцна до 15-ти во месецот кој што следи, а по истекот на трите месеци кои служат како основа за пресметка.

(6) Вредноста на продадената минерална суровина во смисла на овој тарифник се смета цената на минералната суровина наведена во фактурата што се испорачува на пазарот, без засметан данок на додадена вредност.

(7) Вредноста на употребените количини на минерални суровини кои концесионерите ги користат за сопствено производство за финален производ и кои имаат дополнителна додадена вредност, е 80% од надоместокот за соодветната минерална суровина утврден со овој тарифник.

Член 5

Со денот на започнувањето на примената на овој тарифник престанува да важи Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/20).

Член 6

Овој тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2025 година.

Бр. 41-12579/8
24 декември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски**, с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29, поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – м-р Владимир Кроневски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2024 година изнесува 16.650 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница Серафимовски ДОО Скопје.**
**ISSN 0354-1622**